



Бр. 08-2108/1
Скопје, 18 март 2011

# ПЛАЌАЊЕ НА РАДИОДИФУЗНАТА ТАКСА!

Плаќањето на радиодифузната такса се врши врз основа решението за утврдување на радиодифузна такса, “РДТ-ФЛ“ за семејните домаќинства, односно “РДТ-ПЛ“ за правните лица, кои од 1 јанури 2011 година ги издава Управата за јавни приходи. Решенијата се доставуваат за секој месец, одделно.

## РОК ЗА ПЛАЌАЊЕ

Плаќањето на радиодифузната такса се врши најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец (пр. радиодифузната такса за месец Јануари треба да се плати до 15-ти Февруари). Во случај на задоцнето плаќање, се пресметува камата од 0,03% на износот кој нема да го платите во законскиот рок и тоа за секој ден задоцнување.

## НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Врз основа на податоците од решението на УЈП, плаќањето на радиодифузна такса се врши на образец ПП 10 - налог за готовинско плаќање или на образец ПП 30 - налог за безготовинско плаќање.

*Пример за пополнет ПП 10 образец*



УПЛАТНИЦА

УПЛАТУВАЧ

ПРИМАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА УПЛАТУВАЧ
Име и презиме на физичко лице
Адреса (улица, број, поштански број место)

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ
ЈП МРТ Собирна сметка за РДТ

БАНКА НА УПЛАТУВАЧ

БАНКА НА ПРИМАЧ
Комерцијална банка АД Скопје

ДАНОЧЕН БРОЈ ИЛИ ЕМБГ И ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ
ЕМБГ на уплатувачот

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
300000000231862 7

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА
Фолио број на решение за РДТ

ИЗНОС
МКД 130,00

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

ШИФРА

НАЧИН

ПОТПИС

*Пример за пополнет ПП 30 образец*



НАЛОГ ЗА ПРЕНОС

ДАТУМ НА ВАЛУТА

**НАЛОГОДАВАЧ**

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ
Име и презиме на физичко лице
Адреса (улица, број, поштански број место)

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА
Радиодифузна такса за (месец/година)

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ (ЗАДОЛЖУВАЊЕ)
ЕМБГ на налогодавач физичко лице

ПОТПИС

**ПРИМАЧ**

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ
ЈП МРТ Собирна сметка за РДТ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА НА ПРИМАЧ
300000000231862 7

БАНКА НА ПРИМАЧ
Комерцијална банка АД Скопје

ИЗНОС
МКД 130,00

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ (ОДОБРУВАЊЕ)
Фолио број на решение за РДТ

ШИФРА

НАЧИН

ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ

МЕСТО НА ПОДНЕСУВАЊЕ

### Предвремено плаќање на радиодифузната такса за следни периоди

Обврзникот, по сопствено изјаснување може да изврши плаќање на радиодифузната такса за повеќе месеци, односно за цела календарска година.
Во случај на предвремено плаќање во платниот налог (ПП 10 или ПП 30) задолжително треба да се внесе податокот за фолио бројот од решението за плаќање на радиодифузна такса за да може уплатата за обврзникот точно да се идентификува во Управата за јавни приходи.

### Плаќање со траен налог

Обврзниците за радиодифузна такса имаат можност за плаќање на радиодифузната такса со траен налог, но во тој случај треба да потпишат договор со носителот на платниот промет, односно банката.

## ДОБИВАЊЕ НА ДУПЛИКАТ/КОПИЕ ОД РЕШЕНИЕ ЗА РАДИОДИФУЗНА ТАКСА

Во случај да не сте го добиле вашето решение, изгубено или непримено решение, обратете се до даночните канцеларии (види http://www.ujp.gov.mk/mk/kontakt/makedonija) на Управата за јавни приходи за да ви биде издаден дупликат/копие од решението.

*За повеќе информации во врска со плаќањето на радиодифузната такса обратете се во Инфо центарот на УЈП на телефонот* **0800 33 000**

## ИСПРАВКА И АЖУРИРАЊЕ НА АДРЕСНИ И МАТИЧНИ ПОДАТОЦИ

Постапката за исправка/ажурирање на адресните и матичните податоци на обврзникот на радиодифузна такса ја води ЈП МРТ.
Доколку сте нов сопственик на станбен простор, сте добиле две решенија за радиодифузна такса, решенито гласи на починато лице или пак воопшто не сте добиле решение, потребно е да обратите до МРТ, како би се извршило ажурирање на регистрационите податоци.

За повеќе информации во врска со постапките за промена на регистрационите податоци посетете ја веб страницата на МРТ http://www.mtv.com.mk/MK/info/radiodifuzna_taksa.aspx или обратете на следните контакт телефони: **02/551 4435** и **02/551 4447**.